**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**ПОМЕЃУ**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**И**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И МЛАДИ**
**НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА**

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерството за социјална политика и млади на Република Хрватска (понатаму означени како “Потписниците”),

Врз основа на искажаниот взаемен интерес за развивање на соработка во областа на социјалната политика,

Препознавајќи ја важноста од интегрирањето на Република Македонија во Европската унија и со желба да се придонесе кон развојот на пријателски односи помеѓу потписниците,

Со намера да се создаде значаен придонес кон соработката помеѓу двете земји,

Одлучија да соработуваат во областа на социјалната политика и се договорија за следното:

**Член 1**

Потписниците ќе разменуваат искуства и информации во областа на социјалната политика.

**Член 2**

Соработката ќе се одвива во следните области:

- Советувалишта за брак и семејство и воведување на медијација во решавањето на семејните спорови;
- Стратегиски определби за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, нивна имплементација и следење ;
- Деинституционализација на установите за социјална заштита;
- Заштита на децата;
- Јавно -приватно партнерство во делот на заштита на деца ;
- Надминување на ризиците од бездомништво и станбена необезбеденост на лица во ризик од сиромаштија и социјална исклученост.

**Член 3**

Соработката ќе се одвива низ следните форми:

- експертски консултации;
- учество на експерти на конференции, семинари и други меѓународни настани организирани од обете потписници;
- размена на законски акти, прописи и стручни документи, како и други материјали од областа на социјалната политика;
- взаемно информирање за специфичните активности и проекти;
- студиски посети на вработените од обете потписници;
- детална разработка и реализација на заеднички проекти во областа на социјалната политика.

**Член 4**

Финансирањето на активностите во рамките на овој Меморандум ќе се врши од сопствените буџети на секој од потписниците. Секој потписник ќе ги покрива трошоците за престој на своите учесници на територијата на државата на другиот потписник.

Трошоците околу толкувањето и преводот ќе ги покрива секој потписник кој ќе има потреба од одреден работен јазик.

**Член 5**

Овој Меморандум влегува во сила на денот на неговото потпишување од обете потписници.

Овој Меморандум се склучува за период од три (3) години и автоматски ќе биде обновуван за последователни едногодишни периоди, освен доколку еден од потписниците го извести другиот за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку три (3) месеци пред датумот на неговото истекување.

Потпишано во два оригинали, секој на македонски, хрватски и англиски јазик, при што сите текстови се еднакво автентични. Во случај на разлики во толкувањето на Меморандумот, ќе преовлада текстот на англиски јазик.

Во Скопје, на 04.09.2015

Во Загреб, на 22. 9. 2015.

**Во име на**
**Министерството за труд и социјална политика**
**на Република Македонија**

**Диме Спасов**

**Министер за труд и социјална политика**

**Во име на**
**Министерството за социјална политика и млади**
**на Република Хрватска**

**Миланка Опачиќ**

**Потпретседател на Владата на Република Хрватска и Министер за социјална политика и млади**